Врз основа на член 78, став 1 од Изборен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), а на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.04.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за утврдување на места за истакнување на изборни плакати на територијата на општина Пробиштип

### Член 1

На територијата на општина Пробиштип за истакнување на Изборни плакати без надоместок во текот на изборната кампања се утврдуваат следните места:

1. Во градот Пробиштип
   -На потпорниот ѕид на ул. „Јаким Стојковски" под Здравствениот дом ,
   -На потпорниот ѕид на спојката на ул.„Миро Барага" со ул.„Јордан Стојанов",
2. Во с.Добрево- на потпорните ѕидови,
3. Во Злетово
   -Потпорните ѕидови над и под пазарот,
   -На ѕидовите на поранешната зграда на „Црн врв"
4. Во с.Лесново - на потпорните ѕидови кај м.в. Борја,
5. Во селата каде нема утврдено објекти за истакнување на изборни плакати без надоместок, плакати може да се истакнуваат на столбовите од уличното осветлување кои се во сопственост на општината.

### Член 2

На објектите утврдени во членот 1 од оваа Одлука се забранува испишување на графити, а лепењето на плакатите да се врши со лепила кои не оставаат трага на објектите.

### Член 3

Големината на просторот за истакнување на изборни плакати ќе биде подеднакво утврдена за сите подносители на листи, а општината ќе ги одбележи местата за секој подносител на листи одделно.

Член 4

Организаторот на изборна кампања, кој со истакнувањето на изборните плакати ќе предизвика материјална штета на објектите определени за таа намена, должен е истата да ја надомести.

По завршување на изборите се задолжуваат субјектите од ставот 1 на овој член да ги отстранат изборните плакати и да го расчистат сметот од нив, во рок од 30 дена, во спротивно овластен орган ќе поведе прекршочна постапка во согласност со закон.

Член 5

Одлуката стапува на сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-340/12
05.04.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски